Датум: ______________ Име и презиме: ______________________________

# Наставен лист

## Текстуални задачи со пари

**1. Во маркет** - Имаме 100 денари. Треба да купиме 2 мастики (цена на една мастика е 10 ден.), смоки (25 ден.), сок (30 ден.). Колкав кусур ќе ни вратат?

**Решение:** ____________________________________________

**Одговор:** ____________________________________________

**2. Во книжара** - Имаме 100 денари. Треба да купиме 3 гуми за бришење (10 ден.), молив (24 ден.) и острилка (40 ден.). Пресметај го кусурот.

**Решение:** ____________________________________________

**Одговор:** ____________________________________________

**3. Во слаткарница** - Имаме 100 денари. Треба да се купи 2 еклера (цена на еден еклер е 10 ден.), индијанка (15 ден.), 5 топки сладолед (една топка чини 5 ден.) Пресметување на кусур.

**Решение:** ____________________________________________

**Одговор:** ____________________________________________

**4**. Кире купил моливи за 15 денари, блок за 25 денари и боички за 36 денари. Со себе носел 80 денари. Колку денари потрошил Кире?

____________________________________________

Уште колку денари му останале на Кире? ______________________

**5**. Мајка ѝ на Ана сакала да купи 1 кг банани за 35 денари, 1 кг јаболка за 20 денари и 1 кг портокали за 45 денари. Кога сакала да наплати, ѝ недостасувале уште 5 денари. Колку пари носела мајка ѝ на Ана, ако купила 1 кг банани, јаболка и портокали?

**Решение:** ____________________________________________

**Одговор:** ____________________________________________

**6**. Во една продавница има сезонско намаление.

**а)** Цената на секое парче е намалено за 10 денари. Пресметај ги новите цени.

| БЛУЗА 88 ден | ПАНТАЛОНИ 93 ден | МАИЦА 46 ден. | КУСИ ПАНТАЛОНИ 69 ден |
|---|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ____________ | ____________ |

**б)** Цената на секое парче е намалено за половина. Пресметај ги новите цени.

| БЛУЗА 88 ден | ПАНТАЛОНИ 90 ден | МАИЦА 46 ден. | КУСИ ПАНТАЛОНИ 62 ден |
|---|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ____________ | ____________ |

obrazovanie.literatura.mk

Датум: ______________ Име и презиме: ______________________________

## Домашна работа

1. Марко сака да купи сендвич што чини 75 денари. Нацртај ги парите со кои ќе плати точно колку што чини сендвичот.

2. Ема купила тетратка од 45 денари. На продавачот му дала банкнота од 100 денари. Колку денари ѝ вратил продавачот? Нацртај ги парите со кои продавачот го вратил кусурот.

3. Милан има две банкноти од 10 денари и една банкнота од 50 денари, монета од 5 денари и монета од 2 денари. Пресметај колку денари има Милан? Пресметај со броен израз и нацртај ги парите.

4. Мирко има три банкноти од 10 денари, 2 монети од 2 денари и една монета од 1 денар. Пресметај колку денари има Мирко. Уште колку банкноти и монети му се потребни за да има 100 денари? Нацртај ги парите што му недостасуваат до 100 денари.

5. Бојан купил леб за 35 денари и млеко за 40 денари. На продавачот му дал банкнота од 100 денари. Пресметај колку денари чинат производите. Колку денари треба да му врати продавачот?

Родител ............................ Наставник ............................

obrazovanie.literatura.mk